РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Бр. 13-11087/1
Од 28. 12. 2018

Врз основа на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ. бр 199/2014, 42/2015, 44/2015, 193/2015, 31/2016, 163/2016, 64/18) Градоначалникот на Општина Кисела Вода го донесува следното:

# СООПШТЕНИЕ

**Се известуваат граѓаните и правните лица на територијата на Општина Кисела Вода дека се распишува**

**Јавен повик за доставување иницијативи за изработка на Урбанистички планови**

Секое заинтересирано правно и физичко лице во тек на јавниот повик може да достави иницијатива за изработка и донесување на урбанистички планови од Член 7 став 1 точка 2 алинеа 2, 3 и 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. Весник на Република Македонија" број 199/14, 42/2015, 44/2015, 193/2015, 31/2016, 163/2016, 64/18).

Иницијативите можат да се доставaт во електронска форма преку инфромациски систем е-урбанизам или во писмена форма во архивата на Општина Кисела Вода.

Предмет на иницијативата може да биде донесување на нов урбанистички план или изменување и дополнување на постоечкиот урбанистички план.

Јавниот повик ќе трае од 30. 01. 2019 година до 28. 02. 2019 година – 30 дена, сметано од објавата во дневното гласило .

ГРАДОНАЧАЛНИК
Филип Темелковски

Ул.Петар Дељан бр. 17,1000 Скопје ,тел.++389 2 785 420 ; факс. ++389 2 770 210; E-mail: contact@kiselavoda.gov.mk
www.kiselavoda.gov.mk